Согласно членовите 61.1 и 61.2, а врз основа на членовите 41.1, 42.8.2, 42.8.3, 42.8.5, и 42.9.7 и 50.1 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, на ден 23.09.2024 година, комесарот за натпреварување во сениорските лиги ги носи следниве

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 13-551
23.09.2024 год.

**ОДЛУКИ:**

**ЗА ПРИЈАТЕЛСКИОТ НАТПРЕВАР ПОМЕЃУ ЕКИПИТЕ НА КК „ТФТ" И КК „ЧАИР 2030"**

1. Пријателскиот натпревар помеѓу екипите од Првата лига - мажи, КК „ТФТ" од Скопје и КК „ЧАИР 2030" од Скопје, кој се одигра на 19.05.2024 година, четврток, со почеток од 16:00 часот во СРЦ „Кале" - Скопје, се регистрира со постигнатиот резултат до прекинот 48:47.

**ЗА ЕКИПАТА НА КК „ТФТ":**

2. Поради слаба организација и непочитување на одлуката на КФСМ и комесарот за натпреварување со број 13-184/1 од 06.03.2023 година, со која ниту еден официјален натпревар (првенствен или пријателски) нема да започне без да бидат исполнети четирите (4) услови, односно, да биде пријавен во МВР, да има дежурен лекар, да има комесар за безбедност и редарска служба, и да биде целосно сниман, екипата на КК „ТФТ" се казнува со парична казна во износ од 30.000 денари и забрана на настап со публика на домашен терен на два (2) натпревари (член 54.25 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги и член 15.4 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ);
3. Поради учество во тепачка, играчот на екипата на КК „ТФТ", Нури Е., се казнува забрана на настап на два (2) натпревари (член 15.3 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ);
4. Поради фрлање тврд предмет кон публиката, играчот на КК „ТФТ", Наумовски И., се казнува со забрана на настап на еден (1) натпревар (член 15.3 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ)

**ЗА ЕКИПАТА НА КК „ЧАИР 2030":**

5. Поради остварен физички напад од страна на гледачи, симпатизери на КК „Чаир 2030" над противничката екипа (играч/и) околу теренот за време на одигрување на натпреварот, при што натпреварот бил прекинат пред истекот на времето за игра, екипата на КК „Чаир 2030" се казнува со парична казна во износ од 48.000 денари и забрана на настап без публика на домашен терен на три (3) натпревари (член 55.16 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги);
6. Поради напуштање на теренот за игра во ситуација која води кон тепачка, помошниот тренер на КК „Чаир 2030", Исмаили Е., се казнува со забрана на настап на еден (1) натпревар (член 15.3 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ).

**ЗА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА:**

7. Поради несовесно и неуредно извршување на должност, неуредно и непотполно, спроведување на одлуки и упатства од КФСМ и комесарот за натпреварување, делегатот на натпреварот Теофиловски А. се казнува со забрана за вршење на должност на два (2) натпревари (член 15.5 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

На пријателскиот натпревар кој се одигра на ден 19.09.2024 година, четврток, со почеток во 16:00 часот, но не го доживеа својот крај, при увидот во документацијата од натпреварот и активе на КФСМ:

- Натпреварот е прекинат при резултат (48:47) во корист на екипата на КК „ТФТ“, на 1:34 до крајот на третата (3) четвртина (член 50.1 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги);
- Во истото време, по вербалниот дуел помеѓу двајцата помошници од двете екипи, првите тренери на двете екипи заедно со официјалните лица (делегатот и судиите) пробале да ја смират ситуацијата на натпреварот;
- Дел од симпатизерите на гостинската екипа, КК „Чаир 2030“ се спуштиле зад клупата на домашната екипа КК „ТФТ“. Прво започнале вербален дуел со играчите на КК „ТФТ“, кој потоа прераснал во тепачка;
- Потоа, по смирување на ситуацијата, првиот судија, заедно со делегатот на натпреварот, одлучиле да го прекинат натпреварот;
- Согласно членот 18 од Правилникот за работа на комесарот за натпреварување, видео материјалот објавен во медиумот „Кош“ од 19.09.2024 година, послужи за утврдување на виновниците на инцидентот, односно, утврдување на дисциплинска одговорност на учесниците во инцидентот;
- Согласно Законот за спречување на насилство и недолично однесување на кошаркарските терени, кој ги дефинира обврските на организаторот на натпреварот во делот на комесарот за безбедност и редарите, екипата на КК „ТФТ“, не ги преземала потребните мерки за да го спречи инцидентот.

НАПОМЕНИ:

1. Доколку се утврди дека некој од учесниците (публиката) во инцидентот се службени претставници во некоја од екипите, ќе бидат поднесени дисциплински пријави, согласно членот 61.3;
2. Согласно членот 52.3 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, доколку паричните казни се подмират во рок од седум (7) дена по објавување на одлуката, на клубовите им се нуди можност за плаќање на казните со намалување за 50%.
   Во спротивно, а согласно членот 52.2.2 од истите пропозиции, казните со целосен износ (100%) ќе мора да бидат подмирени, заклучно со датумите утврдени од страна на УО на КФСМ.

Поука: Против оваа одлука дозволена е жалба до Арбитражна комисија на КФСМ во рок од 24 часа од приемот на одлуката.

Поздрав,

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНСКА ПРВА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ЖЕНСКА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ВТОРА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ТРЕТА ЛИГА

**КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

**Кошаркарска Федерација на Северна Македонија**

Почитувани,

Согласно членот 3 од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, под истото се подразбира:

- поседување или конзумирање на алкохолни пијалаци или опојни droги, поседување на пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство од страна на лица кои доаѓаат на спортските натпревари, во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржувањето на спортскиот натпревар;
- внесување и употреба во спортските објекти на алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство;
- внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак или други обележја, како и пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини;
- фрлање предмети во спортскиот терен или во гледалиштето;
- палење и фрлање на пиротехнички средства;
- палење на навивачките реквизити, знамиња на други држави, знамиња на клубови и други предмети;
- повикување, поттикнување и учествување во тепачка или физички напад на спортисти, гледачи, редари, службени лица, организатори на натпреварот и други учесници во спортските натпревари;
- физичка пресметка меѓу учесниците на спортските натпревари;
- недозволено влегување во спортскиот терен од страна на гледачите;
- оштетување или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект, како и на превозните средства во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржување на спортскиот натпревар;
- недозволено влегување во делот на гледалиштето на објектот за спорт кој е наменет за противничките навивачи;
- престојување или задржување на навивачи во делот на гледалиштето за кое не поседуваат влезница или пропусница која ја издава организаторот на натпреварот и
- недозволено влегување на навивачи во објектите кои се во функција на вршење на спортските активности.

Сите дејствија утврдени во ставот 1 на овој член претставуваат потежок облик на насилство и недостојно однесување, доколку се извршуваат од страна на маскирано лице.

Согласно членот 6 од истиот закон:
Со цел за превентивно дејствување и намалување на ризикот од појавување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, организаторот е должен да:

- обезбеди примерно однесување на својот клуб и неговите навивачи;

Согласно членот 8-б од истиот закон:
Гостинскиот спортски клуб кој учествува на спортски натпревар е должен да:

- преземе и други потребни мерки клубот и неговите навивачи да не бидат причина за предизвикување на насилство и недостојно да се однесуваат на спортскиот натпревар.